**КИРМ**

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 28.04.2014 година, на сто и втората седница одржана на ден 16.05.2014 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1086-4
18.05 2014 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Предлозите за извршување поднесени пред 26 мај 2006 година, кои не се правосилни и предлозите за извршување поднесени врз основа на веродостојни исправи, за кои не е донесено правосилно решение за извршување, судот ги предава на постапување на надлежен нотар кој постапува како повереник на судот. Доколку се работи за доверена работа на нотарот како повереник на судот во смисла на член 246 од ЗИ, за да нотарот изврши достава, по спроведена достава во случај ако нема приговор или приговорот е отфрлен од нотарот, тогаш доверителот треба да постапи по укажувањето од нотарот за течење на рокот согласно чл. 246 став 5 од Законот за извршување, и да поднесе изјава на кој извршител да се достави предметот и во кој обем е намирено побарувањето за да може извршителот да го продолжи извршувањето.

Нотарот врши достава на решението за извршување до должникот, со правна поука дека во рок од осум дена има право на приговор преку нотарот до судот кој го отстапил предметот а кога приговорот е ненавремен, недозволен и нецелосен, нотарот ќе го отфрли со решение против кое е дозволена жалба во рок од осум дена до судот кој го отстапил предметот. Ако нотарот не го отфрли приговорот, предметот се доставува во судот и постапката продолжува како по тужба по приговор за издавање на платен налог.
За постапките за кои нема изјавено приговор, по истекот на предвидениот рок, нотарот ќе стави потврда за правосилност и извршност и решението ќе му го достави на доверителот со укажување дека започнува да тече рокот од член 240 од Законот за извршување за давање на изјава.

Нотарот има обврска да ја изврши доверената достава и доколку нема приговор да стави клаузули на правосилност и извршност и решението да му го достави на доверителот со укажување да достави изјава, а предметот нотарот треба да го достави назад во судот кој му го доверил.
Доставата на неправосилните предлози за ивршување, нотарите треба да ја вршат според одредбите на сега важечкиот Закон за парничната постапка. ( согласно заклучок на Врховен суд од 05.02.2014 година)

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225674 Факс: 02 3239877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com